# ПОВЕЛБА НА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# (2000/C 364/01)

**СВЕЧЕНО ПРОГЛАСУВАЊЕ**

Европскиот парламент, Советот и Комисијата свечено го прогласуваат текстот подолу како

Повелба на основните права на Европската Унија.

Изготвена во Ница на 07 декември 2000 година.

## ПРЕАМБУЛА

Народите на Европа, со цел да создадат уште потесна унија меѓу себе, се решени да споделуваат мирна иднина заснована на заеднички вредности.

Свесни за своето духовно и морално наследство, Унијата се заснова на неделивите и универзални вредности на човечко достоинство, слобода, еднаквост и солидарност; таа се заснова на принципите на демократија и владеење на правото. Поединецот го става во сржта на своите активности со воспоставување на државјанство на Унијата и со создавање на област на слобода, безбедност и правда.

Унијата придонесува кон зачувување и развој на овие заеднички вредности, почитувајќи ја истовремено разноликоста на култури и традиции на народите на Европа, како и националните идентитети на Државите членки и организацијата на нивните власти на национално, регионално и локално ниво; Унијата вложува напори да промовира балансиран и оддржлив развој и обезбедува слободно движење на лица, стоки, услуги и капитал и слобода на основање.

За таа цел, неопходно е да се зајакне заштитата на основните права од аспект на промените во општеството, социјалниот развој и научно – технолошкиот развој со зголемување на нивната видливост во облик на Повелба.

Оваа Повелба ги реафирмира, со должна почит кон моќите и задачите на Заедницата и Унијата и принципот на супсидијарност, правата такви какви што произлегуваат од уставните традиции и меѓународните обврски на Државите членки, Спогодбата на Европската Унија, Спогодбите на Заедницата, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Социјалните спогодби усвоени од страна на Заедницата и Советот на Европа и

Судската пракса на Судот на правдата на Европските заедници и Европскиот суд за човекови права.

Уживањето на овие права носи и одговорности и должности во поглед на други лица, човековата заедница и идните генерации.

Со оглед на горенаведеното, Унијата ги признава правата, слободите и принципите наведени во овој документ.

## ГЛАВА I

## ДОСТОИНСТВО

### Член 1

### Човечко достоинство

Човечкото достоинство е неповредливо. Тоа мора да се почитува и заштитува.

### Член 2

### Право на живот

1. Секој има право на живот.

2. Никој нема да биде осуден на смртна казна или погубен.

### Член 3

### Право на интегритет на личноста

1. Секој има право да се почитува неговиот или нејзиниот физички и ментален интегритет.

2. Во областа на медицината и биологијата, мора да се почитува следното:

. слободна и информирана согласност на засегнатото лице согласно процедурите пропишани со закон,

. забрана за евгениска практика, особено кога истата за цел има селекција на лица,

. забрана за искористување на човечкото тело и неговите делови за финансиска добивка,

. забрана за репродуктивно клонирање на човечки суштества.

### Член 4

### Забрана за мачење и нечовечно или понижувачко постапување или казнување

Никој нема да биде изложен на мачење или нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

### Член 5

### Забрана за ропство и принудна работа

1. Никој нема да биде држен во ропство или слугување.

2. Од никој нема да се бара принудна или задолжителна работа.

3. Трговијата со луѓе е забранета.

## ГЛАВА II

## СЛОБОДИ

### Член 6

### Право на слобода и сигурност

Секој има право на слобода и сигурност на личноста.

### Член 7

### Почитување на приватниот и семејниот живот

Секој има право да се почитува неговиот или нејзиниот приватен и семеен живот, дом и комуникација.

### Член 8

### Заштита на лични податоци

1. Секој има право на заштита на личните податоци кои се однесуваат на него / неа.

2. Ваквите податоци мора да се обработуваат само за конкретни цели и со согласност на засегнатото лице или некоја друга легитимна основа утврдена со закон. Секој има право на пристап до податоците собрани за него или неа и право за исправка на истите.

3. Почитувањето на овие правила ќе подлежи на контрола од страна на независен авторитет.

### Член 9

### Право на стапување во брак и право на основање на семејство

Правото на брак и правото на засновање на семејство ќе се гарантираат согласно националните закони кои го регулираат спроведувањето на овие права.

### Член 10

### Слобода на мисла, совест и вероисповед

1. Секој има право на слобода на мислење, совест и вероисповед. Правото вклучува слобода на промена на религија или верување, самостојно или во заедница со други и јавно и приватно манифестирање на религија или верување, со обреди, учење, практикување и почитување.

2. Правото на приговор по совест се признава, согласно националните закони кои го регулираат спроведувањето на ова право.

### Член 11

### Слобода на изразување и информирање

1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата на мислење и примање и испраќање на информации и идеи без мешање од јавен авторитет и независно од граници.

2. Ќе се почитуваат слободата и плурализмот на медиумите.

**Член 12**

**Слобода на собирање и здружување**

1. Секој има право на слобода на мирно собирање и слобода за здружување на сите нивоа, особено за политички, синдикални и граѓански прашања, што го подразбира и правото на секој да основа и да се зачленува во работнички синдикати за заштита на неговите или нејзините интереси.

2. Политичките партии на ниво на Унијата придонесуваат за изразување на политичката волја на граѓаните на Унијата.

**Член 13**

**Слобода на уметноста и науките**

Уметностите и научното истражување се ослободени од сите ограничувања. Ќе се почитува академската слобода.

**Член 14**

**Право на образование**

1. Секој има право на образование и пристап до стручна и континуирана обука.

2. Ова право ја вклучува можноста за добивање на бесплатно задолжително образование.

3. Ќе се почитува слободата за основање на образовни институции со почитување на демократските принципи и правото на родителите образованието и подучувањето на нивните деца да биде во согласност со нивните религиозни, филозофски и педагошки убедувања, согласно националните закони кои го регулираат спроведувањето на оваа слобода и право.

**Член 15**

**Слобода за избирање на занимање и право на работа**

1. Секој има право да се ангажира во работен однос и да има слободно избрано или прифатено занимање.

2. Секој граѓанин на Унијата има слобода да бара вработување, да работи, да го спроведува правото на основање и да обезбедува услуги во секоја од Државите членки.

3. Државјаните на трети земји кои се овластени да работат на територијата на Државите членки имаат право да работат под еднакви услови како и државјаните на Унијата.

**Член 16**

**Слобода за деловно работење**

Се признава слободата за деловно работење согласно законите на Заедницата и националните закони и практики.

**Член 17**

**Право на сопственост**

1. Секој има право да поседува, користи, располага и да ја остава во наследство својата законски стекната сопственост. Никој не смее да биде лишен од неговата или нејзината сопственост, освен за јавен интерес или во случаи или под услови определени со закон, при што истата подлежи на фер надомест кој навреме се исплаќа за нивната загуба. Користењето на сопственоста може да се регулира со закон доколку тоа е неопходно за јавниот интерес.

2. Ќе се заштитува интелектуалната сопственост.

### Член 18

### Право на азил

Правото на азил ќе се гарантира со почитување на правилата на Женевската конвенција од 28 јули 1951 и Протоколот од 31 јануари 1967 кој се однесува на статусот на бегалците и во согласност со Спогодбата за основање на Европската Заедница.

### Член 19

### Заштита во случај на отстранување, протерување или екстрадиција

1. Се забрануваат колективни протерувања.

2. Никој не смее да биде отстранет, протеран или екстрадиран во Држава во која постои сериозен ризик дека лицето може да подлежи на смртна казна, мачење или понижувачко постапување или казна.

## ГЛАВА III

## ЕДНАКВОСТ

### Член 20

### Еднаквост пред законот

Сите се еднакви пред законот.

### Член 21

### Антидискриминација

1. Се забранува секаква дискриминација врз било каква основа, како што е пол, раса, боја на кожа, етничко или социјално потекло, генетски обележја, јазик, религија или верување, политичко или било какво друго мислење, припадност во национално малцинство, сопственост, раѓање, хендикеп, возраст или сексуална ориентација.

2. Се забранува било каква дискриминација врз основа на национална припадност во склоп на примената на Спогодбата за основање на Европската заедница и Спогодбата за Европската Унија и без да се прејудицираат специјалните одредби на овие Спогодби.

### Член 22

### Културна, религиозна и јазична разноликост

Унијата ќе ја почитува културната, религиозната и јазичната разноликост.

### Член 23

### Еднаквост помеѓу мажите и жените

Еднаквоста помеѓу мажите и жените мора да се обезбеди во сите области, вклучувајќи го вработувањето, занимањето и платите. Принципот на еднаквост нема да го попречи одржувањето или воведувањето на мерки за специфични предности во корист на помалку застапениот пол.

**Член 24**

**Правата на децата**

1. Децата ќе имаат право на таква заштита и грижа каква што е неопходна за нивната добросостојба. Тие можат слободно да ги изразуваат своите гледишта. Нивните гледишта ќе се земаат в предвид за прашања кои ги засегнуваат согласно нивната возраст и зрелост.

2. Во сите активности кои се однесуваат на деца, без разлика дали истите ги преземаат јавните власти или приватни институции, примарна важност ќе имаат најдобрите интереси за детето.

3. Секое дете ќе има право редовно да одржува личен однос и директен контакт со двајцата родители, освен доколку тоа не е во спротивност со неговите или нејзините интереси.

**Член 25**

**Правата на постарите лица**

Унијата ги признава и почитува правата на постарите лица да водат достоинствен и независен живот и да учествуваат во општествениот и културниот живот.

**Член 26**

**Вклопување на лицата со попреченост**

Унијата го признава и почитува правото на лицата со попреченост да ги користат мерките кои се воведуваат да обезбедат нивна независност, општествено и работно вклопување и учество во животот на заедницата.

# ГЛАВА IV

# СОЛИДАРНОСТ

## Член 27

### Право на работниците на информирање и консултирање во претпријатието

На работниците или нивните претставници мора, на соодветни нивоа, да им се гарантира навремено информирање и консултирање во случаи и под услови предвидени со законите на Заедницата и со националните закони и практики.

## Член 28

### Право на колективно преговарање и активност

Работниците и работодавачите, или нивните организации, имаат право, согласно законите на Заедницата и со националните закони и практики, да преговараат и склучуваат колективни договори на соодветни нивоа, и во случаи на конфликт на интереси, да преземаат колективни активности за одбрана на нивните интереси, вклучувајќи и штрајк.

## Член 29

### Право на пристап до услугите за наоѓање на работа

Секој има право на пристап до бесплатна услуга за наоѓање на работа.

## Член 30

### Заштита во случај на неоправдано отпуштање

Секој работник има право на заштита од неоправдано отпуштање, согласно законите на Заедницата и националните закони и практики.

.

## Член 31

### Фер и праведни работни услови

1. Секој работник има право на работни услови кои го почитуваат неговото или нејзиното здравје, безбедност и достоинство.

2. Секој работник има право на ограничување на максималниот број на работни часови, дневни и седмични одмори и годишен период на платено отсуство.

## Член 32

### Забрана за работа на деца и заштита на младите луѓе на работа

Се забранува вработувањето на деца. Минималната возраст за вработување не смее да биде помала од минималната возраст на завршување на училиште, без да се прејудицираат правилата кои им даваат предност на младите луѓе и со исклучок на ограничени отстапки.

Младите луѓе кои стапуваат на работа мора да имаат работни услови соодветни на нивната возраст и да бидат заштитени од економска експлоатација и работа која може да наштети на нивната безбедност, здравје или физички, душевен или општествен развој или да го попречи нивното образование.

**Член 33**

**Семеен и професионален живот**

1. Семејството ќе ужива правна, економска и социјална заштита.

2. Со цел да се балансираат семејниот и професионалниот живот, секој ќе има право на заштита од отпуштање од работа заради мајчинство и право на породилно отсуство и родителско отсуство по раѓање или усвојување на дете.

**Член 34**

**Социјална безбедност и социјална помош**

1. Унијата го признава и почитува правото на социјални бенефиции и социјални услуги кои обезбедуваат заштита во случаи на мајчинство, болест, индустриски несреќи, издржување или старост, и во случај на губење на работа, согласно правилата кои ги налагаат законите на Заедницата и националните закони и практики.

2. Секој што живее и законски се движи во границите на Европската Унија има право на бенефиции за социјална заштита и социјални предности согласно законите на Заедницата и националните закони и практики.

3. Во прилог на борбата против социјалното исклучување и сиромаштијата, Унијата го признава и почитува правото на социјална и станбена помош со цел да се обезбеди пристоен живот на сите што немаат доволно ресурси согласно правилата кои ги налагаат законите на Заедницата и националните закони и практики.

**Член 35**

**Здравствена заштита**

Секој има право на пристап до превентивна здравствена заштита и право на медицинско лекување под услови утврдени со националните закони и практики. Во дефинирањето и спроведувањето на сите политики и активности на Унијата ќе се обезбеди повисоко ниво на човечка здравствена заштита.

**Член 36**

**Пристап до услугите од општ економски интерес**

Унијата го признава и почитува пристапот до услугите од општ економски интерес пропишани со националните закони и практики, согласно Спогодбата за основање на Европската Заедница, со цел да се промовира социјалната и територијалната кохезија на Унијата.

**Член 37**

**Заштита на животната средина**

Во политиките на Унијата мора да се интегрира повисоко ниво на заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на животната средина и истите да се обезбедуваат во согласност со принципот на одржлив развој.

**Член 38**

**Заштита на потрошувачите**

Политиките на Унијата ќе обезбедат повисоко ниво на заштита на потрошувачите.

## ГЛАВА V

## ГРАЃАНСКИ ПРАВА

**Член 39**

**Право на гласање и право на кандидирање на изборите за Европскиот парламент**

1. Секој граѓанин на Унијата има право да гласа и да се кандидира на изборите за Европскиот парламент во Државата членка во која тој или таа престојува, под истите услови како и државјаните на таа Држава.

2. Членовите на Европскиот парламент ќе се избираат преку директно општо избирачко право со слободно и тајно гласање.

**Член 40**

**Право на гласање и право на кандидирање на општински избори**

Секој граѓанин на Унијата има право да гласа и да се кандидира на општински избори во Државата членка во која тој или таа престојува под истите услови како и државјаните на таа Држава.

**Член 41**

**Право на добро управување**

1. Секое лице има право неговите или нејзините административни работи да се процесираат објективно, фер и во разумен временски рок од страна на институциите и телата на Унијата.

2. Ова право вклучува:

. право на секое лице да се искаже пред да биде преземена било каква индивидуална мерка која негативно ќе влијае врз него;

. право на секое лице да има пристап до неговото или нејзиното досие, истовремено почитувајќи ги легитимните интереси на доверливост и професионална и деловна тајна;

. обврска на администрацијата да наведе причини за своите одлуки.

3. Секое лице има право да бара од Заедницата исправање на било каква штета предизвикана од нејзините институции или службеници при извршувањето на нивните задачи, согласно општите принципи на законите на Државите членки.

4. Секое лице може да им напише на институциите на Унијата на еден од јазиците на Спогодбите и мора да добие одговор на истиот јазик.

**Член 42**

**Право на пристап до документи**

Секој граѓанин на Унијата, и секое физичко или правно лице кое престојува или има своја регистрирана канцеларија во Држава членка, има право на пристап до документите на Европскиот парламент, Европскиот совет и Европската комисија.

**Член 43**

**Правобранител**

Секој граѓанин на Унијата и секое физичко или право лице кое престојува или има своја регистрирана канцеларија во Држава членка, има право да се обрати до Правобранителот на Унијата за случаи на несоодветно управување со активностите на институциите или телата на Заедницата, со исклучок на Судот на правдата и Првостепениот суд кои делуваат во нивната судска улога.

**Член 44**

**Право на петиција**

Секој граѓанин на Унијата и секое физичко или право лице кое престојува или има своја регистрирана канцеларија во Држава членка, има право на петиција до Европскиот парламент.

**Член 45**

**Слобода на движење и престој**

1. Секој граѓанин на Унијата има право слободно да се движи и престојува на територијата на Државите членки.

2. Слободата на движење и престој може да се обезбеди, согласно Спогодбата за основање на Европската Заедница, на државјани на трети земји кои легално престојуваат на територијата на Држава членка.

**Член 46**

**Дипломатска и конзуларна заштита**

Секој граѓанин на Унијата има право на заштита од дипломатските или конзуларните власти на било која Држава членка на територијата на трета земја во која Државата членка на граѓанинот нема свој претставник, под истите услови како и државјаните на таа Држава членка.

## ГЛАВА VI

## ПРАВДА

**Член 47**

**Право на ефективна правна помош и фер судење**

Секој чии права и слободи загарантирани со законот на Унијата се прекршени има право на ефективна правна помош пред суд под условите пропишани со овој Член.

Секој има право на фер и јавно сослушување во разумен временски рок од страна на независен и објективен суд претходно воспоставен со закон. Секој има можност да добие совет, одбрана и застапување.

На оние кои немаат доволно ресурси ќе им се обезбеди правна помош доколку таквата помош е неопходна за обезбедување на ефективен пристап до правдата.

**Член 48**

**Претпоставка на невиност и право на одбрана**

1. Секој што е обвинет ќе се смета за невин се додека не се докаже дека е виновен согласно законот.
2. Ќе се гарантира почитување на правата на одбраната на секој обвинет.

**Член 49**

**Принципи на легалност и пропорционалност на кривичните дела и казни**

1. Никој нема да се смета за виновен за било какво кривично дело врз основа на дело или пропуст кои не претставувале кривично дело според националните закони и меѓународното право во времето кога истото било сторено.

Нема да се изрекува ниту повисока казна од таа што била применлива во моментот на извршување на кривичното дело. Доколку по извршувањето на кривичното дело законот овозможува пониска казна, ќе се примени пониската казна.

2. Овој Член нема да влијае на судењето и казната на лице кое извршило дело или пропуст кои во моментот на извршување претставувале кривично дело според општите принципи признати од правото на Заедницата на народите.

3. Висината на казните не смее да биде во диспропорција со кривичното дело.

**Член 50**

**Право да не се суди и казнува два пати во кривичните постапки за истото кривично дело**

Никој нема да подлежи на повторно судење или казнување во кривична постапка за кривично дело за кое тој или таа е ослободен или осуден во Унијата според закон.

## ГЛАВА VII

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

**Опсег**

1. Одредбите од оваа Повелба се однесуваат на институциите и телата на Унијата почитувајќи го принципот на супсидијарност и на Државите членки само кога тие го применуваат правото на Унијата. Оттука, тие ќе ги почитуваат правата, ќе се придржуваат на принципите и ќе ја промовираат нивната примена во согласност со нивната моќ.

2. Оваа Повелба не воведува нова моќ или задача за Заедницата или Унијата, ниту пак ги модифицира моќите и задачите дефинирани со Договорите.

**Член 52**

**Опсег на гарантираните права**

1. Секое ограничување на уживањето на правата и слободите признати со оваа Повелба мора да биде обезбедено со закон и да ја почитува суштината на тие права и слободи. Врз основа на принципот на пропорционалност, ограничувања може да се наметнат само доколку тие се неопходни и реално ги исполнуваат целите кои се во општ интерес признат од страна на Унијата или заради потребата од заштита на правата и слободите на другите.

2. Правата признати со оваа Повелба кои се засновани на спогодбите на заедницата или на Спогодбата на Европската Унија ќе се спроведуваат под условите и во рамките дефинирани со овие Спогодби.

3. Доколку оваа повелба содржи права кои кореспондираат на правата гарантирани со Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, значењето и опсегот на тие права ќе бидат исти како и на правата пропишани со Конвенцијата. Тоа нема да претставува пречка за Унијата да обезбедува поекстензивна заштита со своите закони.

**Член 53**

**Ниво на заштита**

Ништо во оваа Повелба нема да се толкува како ограничување или негативно влијание врз човековите права и основни слободи како што истите се признати, во нивните области на примена, од страна на правото на Унијата и меѓународното право и меѓународните договори во кои пристапиле Унијата, Заедницата или сите Држави членки, вклучувајќи ја и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, и уставите на Државите членки.

**Член 54**

**Забрана на злоупотреба на правата**

Ништо во оваа Повелба нема да се толкува на начин кој би подразбирал било какво право на ангажирање во активност или извршување на дело кое има за цел уништување на било кое од правата и слободите признати со оваа Повелба или нивно ограничување до повисок степен од тој пропишан во овој документ.